# Not Your Toy!



Инструменти на моќта -
Работникот и неговите права
во услови на глобална економска криза

# NOT YOUR TOY! (2022)

Инструменти на моќта - Работникот и неговите права во услови на глобална економска криза

Автор на проектот и куратор на изложбата:
Ангела Витановска

Групна изложба на тема трудова експлоатација
Ноември, 2022

## Учесници:

Кристина Божурска

Доротеј Нешовски

Јана Јакимовска

Стефан Божиновски

Ненад Тонкин

Ана Трајковска

Никола Славевски

Зорица Зафировска

Ивана Ќ. Самандова



# Јана Јакимовска

„ПЛАТА“

подна инсталација од пепел, варијабилни димензии

2022

***„Животот станува сѐ поскап. Вкупната инфлација се зголемила за 19,8% во однос на истиов период, минатата година.“*** (Дневник: Телма, 7 Ноември, 2022)

Интенциозно насловено „ПЛАТА“, делото на Јана Јакимовска можеби на најдобар начин ја отсликува кризната состојба со која се соочивме годинава, рапидната инфлација која од месец во месец вртоглаво растеше, обезвреднувајќи ги и онака ниските примања и (недоволно) платениот труд на работникот. Пепелта која Јакимовска ја употребува како примарен материјал за изведба на оваа инсталација, е само метафоричен приказ на огнот кој економската превласт го остава зад себе, а преку непостојаноста на материјалот авторката прави паралела со непочитувањето на договорите, правата и надоместот на работниците, упатувајќи на парите од ПЛАТАТА, која е толку минимална и од која во денешно време не останува речиси ништо, а со која треба да се помине месецот...

# Биографии на учесниците:

## 1. **Кристина Божурска**

**Кристина Божурска** дипломирала сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 2008 година, а во 2017 магистрирала на Институтот за културолошки студии, Скопје, фокусирајќи се во своето истражување на социјалните практики во уметноста. Во своите дела користи мноштво техники и материјали, вклучувајќи готови предмети, сликарство, цртеж, текст и видео. Суштина на нејзината практика е социо-политичкиот контекст каде преку изборот на материјали и визуелни референци директно ги коментира актуелните проблеми. Честопати трга од отфрленото, непотребното, заборавеното, во обид да го помести фокусот на опсервација и да го преиспита доминантниот консензус.

Имала самостојни изложби во галерија Уна во Бјаред, Шведска; Мала Станица, МКЦ и СИА Галерија, Скопје, Прима галерија Берлин и Куманово и учествува на бројни групни изложби и видео-фестивали во земјата и надвор.Во 2011 остварила студиски престој во ISCP New York, а во 2013 добива стипендија за учество во работилницата Arte Utile на Тања Бругера, на Летната Уметничка Академија во Салзбург. Има освоено неколку награди: Најдобро видео во категоријата “Нано минута” на Меѓународниот видео фестивал во Бразил (2008); (YVAA) “Денес”, наградата за млад уметник за 2010 година и во 2019 година ја добива BuzArt наградата на уметничката резиденција “Togetherness” во Тирана, доделена од Швајцарската фондација за култура во Албанија и галерија Кало. Предава ликовна уметност во интернационалното училиште QSI, Скопје.

## 2. **Доротеј Нешовски**

**Доротеј Нешовски** (1989, Скопје) е интердисциплинарен уметник кој се занимава со концептите за креативна спонтаност, ликовна артикулација, социјална инклузија, педагогија и апстрахирање на релацијата галеријапублика-уметник чии интереси вклучуваат партиципативни активности, методологии на мапирање и резонантност, вонистуционално делување, истражувачки практики и детска едукација. Од 2012 година тој е еден од основачите и член на уметничката група „SEE“ со која има реализирано повеќе проекти. Нешовски дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје на отсекот за вајарство со под насока сценографија (2012 г.). Неговата книга „Уметноста не е тоа што сакате“, издание на Priaveteprint од Скопје, излезе од печат во 2017. Од 2015 Активно организира и конципира детски работилници во Детски Креативен Центар при МКЦ.

Живее и работи во Скопје.

## 3. **Јана Јакимовска**

Родена 1981г. во Скопје.

Дипломира 2005г. на сликарскиот оддел на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во класата

на проф. Вело Ташовски. Магистрира на истиот факултет во класата на проф. Антони Мазневски. Освен со сликање се занимава и со фотографија, интервенции во јавен простор, графички дизајн, илустрација, а од пред некое време и со перформанс. Голем дел од рецентното творештво го посветува на прашања поврзани со телото, сепството, сексуалноста, позицијата на жената во општеството.

Имала 17 самостојни изложби и тоа во: Берлин, Њујорк, Белград, Приштина, Скопје, Гевгелија, Куманово и Штип. Учествувала на преку 80 изложби во САД, Германија, Италија, Литванија, Турција, Грција, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Северна Македонија. Во моментов е вонреден професор на Ликовната академија на Универзитет ,, Гоце Делчев" во Штип, каде е ангажирана пред сé на студиската програма по Класично сликарство.

## 4. **Стефан Божиновски**

**Стефан Божиновски** е роден 1999 година во Битола, Република Северна Македонија. Моментално е студент на додипломски студии на катедрата за графика (со модул сценографија) на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Покрај матичната работа во областа на графиката, тој работи и во областите на сликарство, фотографија, филм и театар. Од ноември 2019 год. ја има заземено улогата на претседател во првиот состав на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ликовни уметности.

Селектирани проекти:
• „Докуникулци" – младинска школа за документарен филм, учесник, јули 2017 –август 2018 год., организатор: Македокс.
• Работилница за античка и современа култура (РАСК), дел од организациониот тим, 28-30 септември 2020 год., археолошки локалитет Стоби
• Студентска конференција на младите уметници и научници (СКУН), дел од организациониот одбор, 13-14 октомври 2020 год.

Учество во изложби:
• Изложба на студентска графика „Драгутин Аврамовски – Гуте" 2019, април 2019
• Изложба на фотографии „Љубов во време на корона", 20 август 2020 год., Дом на култура – Битола, организатор: ЦЕРИ
• Одбиенале 2021
• Самостојна изложба, дело Ѕиркачот, 27.10.-07.11.2021, МКЦ Скопје

## 5. **Ненад Тонкин**

**Ненад Тонкин** (Скопје, 1978) дипломирал и магистрирал на Факултет за ликовни уметности во Скопје, отсек вајарство и дипломирал на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски – Скопје", отсек предучилишно воспитание. Со почетокот на 2021 година добива статус Самостоен уметник.

Има реализирано осум самостојни изложби во Македонија и повеќе групни во Италија, Германија, Словенија, Црна Гора, Турција и Македонија. Автор е на два мурала во Кочани и Кратово, Македонија. Учесник е на 31-ва Ликовна колонија Галичник 2020 година. Учесник е на уметничка колонија Папрадиште, 2018 и 2019 година. Добитник е на награда „Петар Хаџи Бошков" за најдобра реализација во скулптура на ФЛУ 2019

Проектен координатор и автор на проектот:

Ангела Витановска

Куратор на изложбата и автор на текстот:

Ангела Витановска

Соработници:

Ана Трајковска

Технички соработник:

Пане Стефанов

Визуелно обликување и дизајн на каталог:

Ивана Ќ. Самандова

Фотографии:

Лични архиви на уметниците

Project coordinator and author of the project:

Angela Vitanovska

Curator of the exhibition and author of the text:

Angela Vitanovska

Collaborators:

Ana Trajkovska

Technical collaborator:

Pane Stefanov

Visual design by:

Ivana K. Samandova

Photographs:

Personal archives of the artists

*Поддржано од Министерството за култура на Република Северна Македонија, Град Скопје и Центар за современи уметности (ЦСУ)- Монтажна галерија-Скопје.*

*Supported by the Ministry of Culture of the Republic of North Macedonia, City of Skopje and Contemporary Art Centre (CAC)- Montage Gallery-Skopje.*

Република Северна Македонија
Министерство за култура

CAC
the contemporary art center